**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-85

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Фрезинус Медикал Кејр АГ и Ко. КГаА (Fresenius Medical Care AG &Co. KGaA) со седиште на ул. Елсе-Кронер бр. 1, 61352 Бад Хомбург, Германија и КР$^2$ ГмбХ (KR² GmbH), со седиште на ул. Вилхелмсхофалее бр. 79-81, 47800 Крефелд, Германија, преку полномошник адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 19.12.2018 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Фрезинус Медикал Кејр АГ и Ко. КГаА (Fresenius Medical Care AG &Co. KGaA) со седиште на ул. Елсе-Кронер бр.1, 61352 Бад Хомбург, Германија преку својата подружница Фрезинус Медикал Кејр Бетајлигунгсгезелшафт мбХ (Fresenius Medical Care Beteiligungsgesellschaft mbH,) со седиште во Бад Хомбург в.д.Х, Германија и КР$^2$ Гмбх (KR² GmbH), со седиште на ул. Вилхелмсхофалее бр. 79-81, 47800 Крефелд, Германија, ќе стекнат заедничка контрола над Д.Мед Консалтинг ГмбХ (D.Med Consulting GmbH), со седиште на ул. Бернхард-Нохт бр. 99, 20359 Хамбург, Германија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.11.2018 година а дополнето на 21.11.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за концентрација од Фрезинус Медикал Кејр Аг и Ко. КГаА (Fresenius Medical Care AG &Co. KGaA) со седиште на ул. Елсе-Кронер бр.1, 61352 Бад Хомбург и КР$^2$ ГмбХ (KR² GmbH), со седиште на ул. Вилхелмсхофалее бр. 79-81, 47800 Крефелд, Германија, со која Фрезинус Медикал Кејр Аг и Ко. КГаА (Fresenius Medical Care AG &Co. KGaA) преку својата подружница Фрезинус Медикал Кејр Бетајлигунгсгезелшафт мбХ (Fresenius Medical Care Beteiligungsgesellschaft mbH) со седиште во Бад Хомбург в.д.Х, Германија и КР$^2$ ГмбХ (KR² GmbH), Германија, ќе стекнат заедничка контрола над Д.Мед Консалтинг ГмбХ (D.Med Consulting GmbH), со седиште на ул. Бернхард-Нохт бр. 99, 20359 Хамбург, Германија, преку купопродажба на удели. КР$^2$ ГмбХ пред трансакцијата поседува 100% од уделите во Д.Мед Консалтинг ГмбХ и по трансакцијата и натаму ќе поседува 49% од акциите во Д.Мед Консалтинг ГмбХ. Фрезинус Медикал Кејр Аг и Ко. КГаА преку својата подружница, Фрезинус Медикал Кејр Бетајлигунгсгезелшафт мбХ ќе стекне 51% од уделите во Д.Мед Консалтинг ГмбХ, односно по концентрацијата Фрезинус Медикал Кејр Аг и Ко. КГаА и КР$^2$ ГмбХ ќе имаат имаат заедничка контрола врз Д.Мед Консалтинг ГмбХ. Д.Мед Консалтинг ГмбХ ќе биде целосно функционално претпријатие со заедничко вложување бидејќи и понатаму ќе спроведува проекти за истражување и развој за трети страни, и со тоа, и понатаму ќе биде присутно на пазарот. Ќе поседува доволно ресурси за да работи независно, имено, со раководство посветено на неговите секојдневни операции, како и доволно финансиски ресурси, персонал и средства. Исто така, претпријатието со заедничко вложување се предвидува да работи долгорочно.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето, го утврди следното:

Фрезинус Медикал Кејр Аг и Ко. КГаА е холдинг друштво на Фрезинус Медикал Кејр Груп, која пак е дел од Фрезинус Груп. Фрезинус Медикал Кејр Груп е интегриран снабдувач на производи и медицински услуги, првенствено за лица кои се подложени на дијализа како резултат на хронична бубрежна болест и пациенти кои страдаат од акутна бубрежна слабост. Таа управува со клиники за дијализа во Северна Америка, Европа, Латинска Америка, Азија и Африка. Исто така, таа им обезбедува на сопствените клиники во рамки на групацијата и клиниките за дијализа во сопственост на трети лица производи за дијализа, како што се машини за дијализа, дијализатори и сродни производи за еднократна употреба.

Фрезинус Груп има еден субјект во Македонија, претставништвото на Медикал Кејр Дојчланд ГмбХ – ФРЕСЕНИУС МЕДИКАЛ КЕАР Дојчленд ГмбХ- Претставништво Скопје, со седиште на Максим Горки бр. 10/1 Скопје, чија основна дејност е да врши маркетинг и други не-трансакциски операции на територијата на Македонија. Според

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

подносителот, претставништвото е предвидено да биде затворено до 31.12.2018 година.

КР² ГмбХ е трговско друштво кое припаѓа на Д.Мед Груп, која во крајна линија е контролирана од г-дин Свен-Аксел Кренторц (Sven-Axel Krentorz). Д.Мед Груп е глобален снабдувач на медицински услуги и производи со фокус на ренална нега и нега за дијабетес. Таа управува повеќе од 60 клиники за дијализа во Македонија, Турција и Индија и дистрибуира производи од областа на дијализа, нефрологија и дијабетологија. Покрај тоа, таа снабдува болници со медицински производи за гинекологија, дерматологија и урологија.

Д.Мед Груп има три зависни друштва во Република Македонија:

- Диамед Ренал Сервис ДООЕЛ, Скопје, со регистрирано седиште на Ѓуро Стругар бр. 15А Скопје и приоритетна дејност - изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место; моментално не е активно;

- ЦВБЦ Шерд Сервис ДООЕЛ, преименуван во Д.Мед Шерд Сервицес ДООЕЛ, Скопје, со регистрирано седиште на Манапо бр. 3-3/5 Скопје и приоритетна дејност - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување, моментално дава сметководствени услуги на други субјекти во рамки на Д.Мед Груп и

- Приватна здравствена установа - Специјална болница по нефрологија со дијализа ДИАМЕД Скопје, со регистрирано седиште на Ѓорче Петров бр. 23, Скопје и приоритетна дејност – дејности на болниците, активна во давањето на услуги за дијализа.

Д.Мед Груп е активно во областа на развојот и ставање во промет на, како и во областа на консалтинг, во врска со медицински производи со фокус на технологии за дијализа и сродни медицински полиња.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) и в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека иститe се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**